Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2024 година

Скопје, ноември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2024 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт и Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, како и Гоце Димовски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Дејан Герасимовски, државен советник во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и нотар Методија Ристоски.

Од седницата отсуствуваа Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Борко Ристовски, министер за спорт

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 ноември 2024 година

1. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (мерцедес бенз)

2. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (моторни возила)

3. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр. 03-171/1)

4. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (прозори и влезна врата од алуминиумска дограма) (Основен суд Куманово)

5. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна установа Специјален завод – Демир Капија)

6. Информација во врска со Договорот за доделување државна помош склучен на ден 31 октомври 2019 година со Глас флекс ДООЕЛ Скопје

7. Предлог на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка

8. Информација во врска со Барањето на концесионерот ДПЕЕ „ДИС енергија“ ДОО Скопје, за пренос на уделот на содружникот Друштво за производство на електрична енергија „СИМАО-БЖ СОЛАР“ ДОО Скопје, на Друштвото за производство, промет и услуги „ЦСП актуел” ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

9. Информација во врска со Барањето на концесионерот Дрим хидро ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Елевска, со текст на Нацрт-анекс на Договор

10. Информација во врска со Барањето на концесионерот ДИС ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр. 361, со текст на Нацрт-анекс на Договор

11. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село, за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, со текст на Нацрт-анекс на Договор

12. Информација во врска со Барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка, со Анекс на договор

13. Информација во врска со Барањето на концесионерот „РДЛ СОУЛ“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308, со Анекс бр.7 на Договор

14. Предлог на закон за ратификација на Договорот за финансирање на повторното воспоставување заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау

15. Предлог на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Регионалната конвенција за паневромедитерански преференцијални правила за потекло

16. Предлог на закон за ратификација на Договорот за признавање на професионалните квалификации на медицинските сестри, докторите по ветеринарна медицина, фармацевтите и акушерките во контекст на Централно-европскиот договор за слободна трговија

17. Информација за издавање егзекватура за генерален конзул на Република Грција во Република Северна Македонија со седиште во Битола

18. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „MAPLE ARCH 24“, со Предлог-одлука

19. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметите Белова и Павлова против Северна Македонија А.бр. 32930/23 и Трајковски против Северна Македонија А.бр. 33323/23

20. Информација за следење на имплементацијата на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021–2025) и Годишен извештај за имплементација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025)

21. Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2023 година

22. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2023 година

23. Информација за спроведување на Законот за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа, со Акциски план

24. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Италијанската Република и Владата на Република Северна Македонија за заемно признавање и замена на возачките дозволи, со Текст на договор и прилози

25. Предлог-одлука за определување на органите на државната управа кои се подготвуваат за остварување на својата функција во воена состојба

26. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (КО Љубаништа)

27. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Coalition 24“, во Република Естонија

28. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

29. Предлог-решение за именување национален координатор, негови заменици, секретар и членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Северна Македонија

30. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија

31. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (ООУ „Гоце Делчев“, Штип и ООУ „Тошо Арсов“ п.о. Штип)

32. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (ООУ „Кочо Рацин“ Скопје – Центар и ООУ „11 Октомври“, Скопје, Центар)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (ООМУ „Ордан Михајлоски - Оцка“, Прилеп)

34. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (УОМО „Панче Пешев“, Куманово и ООУ „11 Октомври“, Куманово)

35. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (ООУ „Петар Поп Арсов“)

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Капија (ООУ „Димче А. Габерот“, Демир Капија)

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица (ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Македонска Каменица).

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (ООУ „Никола Карев“, Крушево)

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (ООУ „Никола Карев“)

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци - Илинден)

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (ООУ „Коста Рацин“ с.Брвеница, Брвеница)

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (ООУ „Св.Климент Охридски“- Битола)

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Свети Николе)

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (ООМУ „Методија Патче“, Охрид)

45. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (ООУ „Рајко Жинзифов“ – Кисела Вода, Скопје и ООУ „Климент Охридски“ с. Драчево – Скопје)

46. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“ Скопје и ООУ „Мирче Ацев“- Скопје, Општина Ѓорче Петров)

47. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (ООУ „Љубен Лапе“, Аеродром, Скопје и ООУ „Лазо Ангеловски“-Општина Аеродром-Скопје)

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“–Тетово

49. Барање за давање на автентично толкување на член 39 став (3) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски

50. Барање за давање на автентично толкување на член 45 став 4 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/06, 140/07, 107/08, 131,08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски

51. Барање за давање на автентично толкување на член 9 од Законот за Агенцијата за разузнавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/21), а во врска со членовите 160, 161 и 162 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.82/18, 178/21 и 58/24), поднесено од пратеникот Бране Петрушевски

52. Иницијатива од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.208/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 99 став (5) во делот „правосилни“ од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19)

53. Кадровски прашања

54. Прашања и предлози

55. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија” (1.6.2023 – 31.3.2024 година)

56. Информација за Полугодишен извештај за реализација на годишните планови за вработување за 2024 година, за периодот јануари – јуни 2024 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по правична застапеност на припадниците на заедниците

57. Информација за работата на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година

58. Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2023 година

59. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Министерството за социјална политика, демографија и млади (за периодот октомври 2023 година-јули 2024 година)

60. Информација за меѓуинституционалната координација, соработка и преземените чекори во однос на регулацијата на пристапот до користење на услуги и апликации преку јавни електронски комуникациски мрежи, а во случај на нелегално приредување игри на среќа

61. Полугодишен извештај за имлементација на мерките и препораките за фискална консолидација

62. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година

63. Предлог – програма за изменување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година

64. Информација за заклучоците и препораките од  четвртиот состанок на ИПА III Секторскиот комитет за следење за транспорт, животна средина и климатска акција одржан на 9 октомври 2024 година

65. Информација за потребата од обезбедување финансиски средства за спроведување на проекти од ИПА II повеќегодишните програми за транспорт и животна средина и климатски акции

66. Информација за Меморандум за соработка за процесот на европска интеграција и пристапување помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија, со усогласен текст на Меморандум

67. Информација за подготовка на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 13 декември 2024 година

68. Информација за Предлог - модел за формирање на структура за спроведување на Инструментот за реформи и раст, со усогласен текст на Договор

69. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата

70. Информација за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација и локална самоуправа на Република Србија, во областа на реформа на јавната администрација, со усогласен текст на Меморандум

71. Информација за воведување на мерки за намалување на емисиите на загадувачките супстанци при алармантно загадување на воздухот, со Предлог – наредба

72. Информација со краткорочни мерки за чист воздух, со Акциски план

73. Предлог – одлука за финансирање на Проект за реализирање на ДУП за дел од контакт зона „Мавровка“ на споменичка целина „Стара скопска чаршија“ со намена на градба на Комунална супраструктура (подземен паркинг) (Општина Чаир)

74. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 30 октомври 2024 година до 5 ноември 2024 година

75. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 23 октомври 2024 година до 29 октомври 2024 година

76. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 30 октомври 2024 година до 5 ноември 2024 година

77. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 февруари 2024 година до 30 септември 2024 година

78. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 23 октомври 2024 година до 29 октомври 2024 година

79. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS - CoV-2 и спречување од неговото ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението за период од 1 април 2021 година до 30 септември 2024 година

80. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесеттата одлука)

81. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и седмата одлука)

*

*　　*

Владата без забелешки го усвои Записникот од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 ноември 2024 година

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (мерцедес бенз).

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (моторни возила).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр. 03-171/1).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (прозори и влезна врата од алуминиумска дограма).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување државна помош склучен на 31 октомври 2019 година со Глас флекс ДООЕЛ Скопје, ја усвои и го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија во соработка со Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да преземе соодветни правни активности во насока на враќање на исплатената државна помош.

**Точка 7**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската

инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот ДПЕЕ „ДИС енергија“ ДОО Скопје, за пренос на уделот на содружникот Друштво за производство на електрична енергија „СИМАО-БЖ солар“ ДОО Скопје, на Друштвото за производство, промет и услуги „ЦСП актуел” ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од содружникот Друштвото за производство на електрична енергија „СИМАО-БЖ солар“ ДОО Скопје на Друштвото за производство, промет и услуги „ЦСП актуел“ ДООЕЛ Скопје во концесионерот Друштвото за производство на електрична енергија „ДИС енергија“ ДОО Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Дрим хидро ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Елевска, со текст на Нацрт-анекс на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент, да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Елевска, бр.15-4525/1 од 13.9.2021 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 11 ноември 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Дрим хидро ДОО Скопје, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа Елевска, најмалку до 12 јануари 2026 година.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот ДИС енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр. 361, со текст на Нацрт-анекс на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361 заведен под број 11-2436/1 од 11.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 13.5.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот ДИС енергија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Мала река со реф.бр.361, најмалку до 13.7.2025 година.

**<u>Точка 11</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село, за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, со текст на Нацрт-анекс на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, бр.11-2357/1 од 4.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 14 февруари 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, најмалку до 15 април 2025 година.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка, со Анекс на договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс бр. 9 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр. 11-2142/1 од 26.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 2.5.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот, најмалку до 1.7.2025 година.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот „РДЛ соул“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308, со Анекс бр.7 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орешка со реф. бр. 308, 11-4176/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 4.7.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „РДЛ соул“ ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орешка со реф. бр. 308, најмалку до 2.9.2025 година.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на законот за ратификација на Договорот за финансирање на повторното воспоставување заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и наворешна трговија, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и наворешна трговија и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереници Ирина Димовска, државен советник во Министерството за култура и туризам, Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура и туризам и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Истовремено, да се има предвид укажувањето од Министерството за финансии потребните средства да се обезбедат од буџетот на ресорното министерство и истите да не го надминат максимално дозволениот износ за таа намена.

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Регионалната конвенција за паневромедитерански преференцијални правила за потекло, го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд, Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и труд и Наташа Дескоска помошник-директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 16**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за признавање на професионалните квалификации на медицинските сестри, докторите по ветеринарна медицина, фармацевтите и акушерките во контекст на Централноевропскиот договор за слободна трговија, го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука, Крум Ефремов, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за издавање егзекватура за генерален конзул на Република Грција во Република Северна Македонија со седиште во Битола, ја усвои Информацијата и издаде егзекватура на г-ѓа Деспоина Ипиоти за генерален конзул на Република Грција во Република Северна Македонија, со седиште во Битола, со конзуларна зона на надлежност што ги опфаќа општините: Битола, Бач, Белчишта, Бистрица, Цапари, Центар Жупа, Дебар, Делогожди, Демир Хисар, Добрушево, Долнени, Другово, Извор, Кавадарци, Кичево, Кукуречани, Конопиште, Косел, Кривогаштани, Крушево, Лабуништа, Луково, Мешеишта, Могила, Неготино, Новаци, Охрид, Пласница, Прилеп, Ресен, Сопотница, Старавина, Струга, Тополчани, Велешта, Вевчани, Витолишта, Вранештица и Житоше.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „MAPLE ARCH 24“, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „MAPLE ARCH 24“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерство за финансии – Царинската управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки, согласно своите надлежности утврдени со закон за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално - технички средства, на странските вооружени сили на земјите учеснички на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерство за финансии – Царинската управа и Националниот координативен центар за

гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице, за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметите Белова и Павлова против Северна Македонија А.бр. 32930/23 и Трајковски против Северна Македонија А.бр. 33323/23 и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (средствата да се исплатат најдоцна до 20 декември 2024 година).

**Точка 20**

Владата ги разгледа Информацијата за следење на имплементацијата на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021–2025) и Годишниот извештај за имплементација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025), ја усвои Информацијата и го прифати Годишниот извештај.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2023 година и ја усвои Информацијата со следниот заклучок (усогласен со Министерството за финансии -Управа за јавни приходи):

1. Се задолжува Министерството за финансии -Управа за јавни приходи, во рок од осум месеци да направи соодветна анализа на податоците прикажани во годишните даночни пријави на даночните обврзници – нотари кои прикажуваат високи вкупни приходи и екстремно високи расходи во работењето и да достави до Министерството за правда податоци од Годишниот даночен биланс на даночните обврзници – нотари и истите да ги систематизира од аспект на утврдени ризици за помалку платени даноци и да преземе соодветни мерки согласно своите законски надлежности.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2023 година, ја усвои и ја задолжи Управата за јавни приходи во рок од осум месеци, да направи соодветна анализа на податоците прикажани во годишните даночни пријави на даночните обврзници – извршители кои прикажуваат високи вкупни приходи и екстремно високи расходи во работењето и до Министерството за правда да достави податоци од годишниот даночен биланс на даночните обврзници – извршители и истите да ги систематизира од аспект на утврдени ризици за помалку платени даноци и да преземе соодветни мерки согласно своите законски надлежности.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Законот за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа, со Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

2. Се задолжуваат Министерството за култура и туризам и Министерството за економија и труд во рок од три дена да одржат меѓуресорски состанок со цел преземање итни конкретни мерки за исполнување на законската обврска за преземање на вработените, утврдена во Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, заклучно со законски утврдениот рок и за истото да ја информираат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – Координативно тело за следење на спроведувањето на измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година во рок од три дена од одржување на состанокот.

3. Се задолжуваат Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за економија и труд во рок од три дена да одржат меѓуресорски состанок со цел преземање итни конкретни мерки за исполнување на законските обврски за усогласување на посебните закони од областа труд, како и преземањето на вработените утврдени во Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, заклучно со законски утврдениот рок и за истото да ја информираат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – Координативно тело за следење на спроведувањето на измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, во рок од три дена од одржување на состанокот.

4. Се задолжуваат Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за економија и труд во рок од три дена да одржат меѓуресорски состанок со цел преземање итни конкретни активности околу пренесување на софтверот со сите неопходни податоци потребни за спроведување на постапките за доделување на концесии, а во насока на исполнување на законски предвидените надлежности утврдени со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, како и за преземање на вработените кои работат од областа на концесиите и јавното приватно партнерство од Министерството за економија и труд во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и за истото да ја информираат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – Координативно тело за следење на спроведувањето на измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, во рок од три дена од одржување на состанокот.

5. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за економија и труд во рок од три дена да одржат меѓуресорски состанок со цел преземање итни конкретни мерки за исполнување на законската обврска за преземање на вработените утврдена во Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, заклучно со законски утврдениот рок и за истото да ја информираат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – Координативно тело за следење на спроведувањето на измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, во рок од три дена од одржување на состанокот.

6. Се задолжува Министерството за економија и труд на наредна седница на Влада да информира за прогресот на активностите во врска со подготовката на Законот за Државниот пазарен инспекторат и Законот за техничка инспекција на лифтови, жичари, дигалки и транспортери и доколку истите се подготвени, веднаш да се доставаат на разгледување и усвојување до Владата.

7. Се задолжуваат сите министерства кои треба да направат усогласување на законите (секој од своја надлежност) согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, имајќи предвид дека рокот за усогласување на законите истекува на 10.12.2024 година, на наредната седница на Владата да информираат за бројот на закони кои треба да ги усогласат со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година и за прогресот на активностите по ова прашање.

Истовремено, се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Координативно тело за следење на спроведувањето на измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, во рок од три дена да одржи состанок со Министерството за економија и труд, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за култура и туризам, во врска со досега преземените активности од институциите и усогласувањето со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година.

<u>Точка 24</u>

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Италијанската Република и Владата на Република Северна Македонија за заемно признавање и замена на возачките дозволи, со Текст на договор и прилози и го усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати Нацрт текстот на Договорот меѓу Владата на Италијанската Република и Владата на Република Северна Македонија за заемно признавање и замена на возачките дозволи, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот на делегацијата и членовите на делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Италијанската Република и Владата на Република Северна Македонија за заемно признавање и замена на возачките дозволи.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Италијанската Република и Владата на Република Северна Македонија за заемно признавање и замена на возачките дозволи, како основа за водење на преговори, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, на Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Договорот.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за определување на органите на државната управа кои се подготвуваат за остварување на својата функција во воена состојба.

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (КО Љубаништа).

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Coalition 24“, во Република Естонија.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија.

## Точка 29

Владата го донесе Решението за именување национален координатор, негови заменици, секретар и членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Северна Македонија.

## Точка 30

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија.

## Точка 31

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Штип) и

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Тошо Арсов“ п.о. Штип).

## Точка 32

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Скопје - Центар).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „11 Октомври“, Скопје, Центар).

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООМУ „Ордан Михајлоски - Оцка“, Прилеп).

## Точка 34

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на УОМО „Панче Пешев“, Куманово).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „11 Октомври“, Куманово).

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (комјутерска опрема за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов“).

**Точка 36.**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Капија (за потребите на ООУ „Димче А. Габерот“, Демир Капија).

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица (за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Македонска Каменица).

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (за потребите на ООУ „Никола Карев“, Крушево).

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на ООУ „Никола Карев“).

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“, с.Миладиновци - Илинден).

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (за потребите на ООУ „Коста Рацин“, с.Брвеница, Брвеница).

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“-Битола).

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (компјутерска опрема за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Свети Николе).

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООМУ „Методија Патче“, Охрид).

**Точка 45**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Рајко Жинзифов“ – Кисела Вода, Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Климент Охридски“, с. Драчево – Скопје).

**Точка 46**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“ Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на ООУ „Мирче Ацев“- Скопје, Општина Ѓорче Петров).

**Точка 47**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Љубен Лапе“, Аеродром, Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Лазо Ангеловски"- Општина Аеродром-Скопје).

## Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде"–Тетово.

## Точка 49

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 39 став (3) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски и притоа го утврди следново мислење:

Во делот на условите и постапката за именување на амбасадор, конкретно во член 39 став (3) од Законот за надворешни работи, е наведено дека „По завршниот разговор кандидатот за амбасадор ги презентира своите согледувања за односите со државата на приемот или меѓународната организација пред работното тело на Собранието, надлежно за надворешна политика".

Одредбата на текстот од членот 39 став (3) од Законот за надворешни работи во кој се наведува дека кандидатот за амбасадор „ги презентира своите согледувања ..." упатува на потребата за примена на императивност во извршувањето на наведеното дејствие. Тоа практично значи дека без конкретно исполнување на законската обврска за презентација на согледувањата на кандидатот за амбасадор пред надлежната собраниска комисија, за истиот не може да биде потпишан указ за поставување на амбасадор од страна на Претседателот на Република Северна Македонија, ниту пак може да биде упатен во земјата на прием, што е предвидено како следен чекор во постапката, согласно член 40 од Законот за надворешни работи. Тоа значи дека не може да биде донесено ниту посебно решение од страна на министерот за надворешни работи со кое амбасадорот се упатува на извршување на функцијата во земјата на приемот или меѓународната организација.

Неизвршувањето на предвидената постапка и неисполнувањето на условите предвидени во член 39 став (3) од Законот за надворешни работи, кои се однесуваат на именувањето на амбасадор и можноста за неговото стапување на должност, се прекршува наведената законска одредба и истовремено претставува формална законска пречка за стапување и извршување на функцијата вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македоиија во земјата на приемот или постојан претставник и амбасадор на Република Северна Македонија при меѓународната организација каде што е акредитиран.

Имајќи предвид дека во минатото се евидентирани повеќе случаи амбасадори да заминуваат на должност во земјите на прием без претходно да ги презентираат тезите пред надлежното тело во Собранието на Република Северна Македонија, се наметнува потребата од автентично толкување на предметната законска одредба и допрецизирање на идејата на законодавецот за императивноста на обврската која треба да се исполни во постапката за именување на амбасадор.

Врз основа на горенаведеното и поради повеќето забележани случаи на непочитување на законската одредба, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на член 39 став (3) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски.

## <u>Точка 50</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 45 став (4) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/06, 140/07, 107/08, 131,08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски и притоа го утврди следното мислење:

Во делот на одредбите кои ја регулираат постапката за отповикување на амбасадор, односно причините за отповикување на амбасадорот и според тоа траење на неговиот мандат и пократко од четири години, Законот за надворешни работи со членот 45 став 4 пропишува дека „Иницијатива за отповикување на амбасадор може да покрене и Владата, по барање на миинистерот“, со што ја допушта можноста иницијатива за отповикување на амбасадорот да може да покрене „и“ Владата, по барање на министерот како посебен услов, кој е издвоен од претходните наведени услови во ставот 1 на истиот член, во кој таксативно се утврдени условите за траење на мандатот пократко од четири години, доколку се исполнат условите од став 1 алинеи 1,2,3, и 4.

Ова подразбира дека покрај претходните услови за отповикување на амбасадорот од страна на Претседателот, како посебен и јасно издвоен од ставот 1 е ставот 4 од членот 45, според кој „Иницијатива за отповикување на амбасадорот може да покрене и Владата, по барање на министерот“, што значи дека постои издвојување на ставот 4 од ставот 1 од истиот член, со што се дава можност за покренување на иницијатива за отповикување на амбасадор и од страна на Владата, по барање на министерот, без да бидат исполнети условите од став 1 алнинеи 1,2,3 и 4 од истиот член.

Дека се работи за посебен услов со кој може да се отповика амбасадорот и пред истекот на мандатот, независен од ставот 1 на истиот член може да се увиди и од начинот на водење на постапката. Имено, во Уредбата за утврдување на работи кои се сметаат како незадоволителни резултати и работи со кои им се причинува штета на интересите на државата во работата на амбасадорот, во која подетално се

утврдува кои работи се сметаат како незадоволителни резултати и работи, е пропишано дека иницијативата за формирање на Комисија до министерот ја поднесува државниот секретар, додека во ставот 4 на членот 45 од Законот е пропишано дека иницијатива за отповикување на амбасадорот може да покрене и Владата што претставува посебна, односно одвоена постапка.

Оттука, имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека ставот 4 претставува дополнителен услов за покренување на иницијатива за отповикување на амбасадорот и пред истекот на мандатот од четири години и без исполнување на условите дадени во ставот 1, алинеи 1,2,3 и 4 и поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентичното толкување на членот 45 став 4 од Законот за надворешни работи.

## Точка 51

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 9 од Законот за Агенцијата за разузнавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/21), а во врска со членовите 160, 161 и 162 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.82/18, 178/21 и 58/24), поднесено од пратеникот Бране Петрушевски и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 68 став 1 алинејата 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите. Во членот 185 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/23), е пропишано дека Барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Ренублика Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и градоначалникот на Градот Скопје и советите на општините на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење и член 186 од Деловникот, согласно кој Барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку Законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница. Според истиот член од Деловникот, автентично толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

До претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, од страна на пратеник во Собранието, Бране Петрушевски е доставено Барање за давање автентично толкување на членот 9 од Законот за Агенцијата за разузнавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21), а во врска со

членовите 160, 161 и 162 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/18, 178/21 и 58/24).

Во членот 9 од Законот за Агенцијата за разузнавање е уредено дека, за заменик-директор на Агенцијата за разузнавање може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да нема државјанство на друга држава,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование од областа на општествените науки, природно - математичките или техничко - технолошките науки,
- има најмалку десет години работно искуство од областа на безбедноста, одбраната или надворешната политика, од кои пет години на раководно место во Агенцијата и
- со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од именување на лицето.

По однос на членот 9 од Законот, сметаме дека истиот е јасен и недвосмислен, во однос на годините на работното искуство кое е предвидено како услов за именување на заменик-директор на Агенцијата за разузнавање и кое треба да биде во областа на одбраната, безбедноста и надворешните работи.

Врз основа на членот 170 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/18, 178/21 и 58/24), општите услови за избор во соработнички звања, потребно е кандидатот да ги исполнува следните услови:
- да има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити,
- да има стекнато назив магистер од соодветната област,
- да има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно,
- да има познавање на најмалку еден странски јазик.

Врз основа на членот 171 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/18, 178/21 и 58/24), изборот во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се врши според постапка утврдена со овој закон и со општ акт на универзитетот, односно со општ акт на самостојната висока стручна школа.

Врз основа на членот 172 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/18, 178/21 и 58/24), избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс кој го распишува наставно-научниот, односно наставничкиот совет, што го обавува високообразовната установа во дневниот печат.

Појаснувањето околу прашањето содржано во Барањето за давање автентично толкување е дефинирано во член 175, став 6 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/18, 178/21 и 58/24), каде

што е утврдено дека асистент се избира за време од три години, со право на уште еден избор во истото звање на иста високообразовна установа. Доколку лицето е редовно вработено како асистент, истото ги исполнува условите за работно искуство.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија сметам дека членот 9 од Законот за Агенцијата за разузнавање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.21/21), а во врска со членовите 160, 161 и 162 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.82/18, 178/21 и 58/24) е јасен и нема потреба од автентично толкување.

## Точка 52

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.208/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 99 став (5) во делот „правосилни" од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија предлага да се поведе постапка за оценување на уставноста на член 99 став (5) во делот „правосилни" од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), со предлог судот да донесе времена мерка до денот на донесување на конечна одлука на судот со која оспорените одредби се укинуваат.

Одредбата во делот кој се побива во уставната Иницијатива гласи:

„(5) Донесените правосилни одлуки судовите задолжително ги објавуваат на веб - страницата на судот во рок од седум дена од денот на правосилноста, на начин утврден со закон."

Подносителот во Иницијативата се повикува на член 102 и член 16 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 6 од Европската конвенција за човекови права, односно уставното загарантирано начело на јавност и слобода на јавно информирање. Дополнително, подносителот укажува на неконзистентноста во нашето законодавство, од причина што во членот 125 став 3 од Законот за кривичната постапка, судовите се должни донесените одлуки во рок од два дена од изготвувањето да ги објавуваат на веб - страницата на судот, на начин утврден со закон, односно согласно член 126 ставовите 1 и 2 од истиот закон, сите судски пресуди се јавни и достапни во електронски или печатени примероци, освен во цитираните исклучоци кога е исклучена јавноста. Подносителот исто така, како поткрепа на своето барање го доставил и утврдениот начелен став на Врховниот суд

на Република Северна Македонија, донесен на општа седница на 21.12.2022 година, согласно кој: „Судовите, донесените одлуки (пресуди и решенија) кои не се правосилни и кои се однесуваат на предмети од јавен интерес да ги објавуваат на веб-страницата на судот“. Дополнително, подносителот укажува на два решителни факти за потребата од укинување на оспорениот дел од одредбата во член 99 став 5 од Законот за судовите: транспарентноста и новата динамика со процесот на дигитализација и довербата во правосудниот систем.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите во 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) беа воведени новини во однос на објавувањето на судските одлуки. Имено, со новините во овие два закони се уреди дека само донесените правосилни одлуки задолжително ќе бидат објавени на веб - страницата на судот, во рок од седум дена од денот на правосилноста, на начин пропишан со закон. Претходните законски решенија предвидуваа објавување на сите одлуки кои ги донесуваат судовите, без разлика дали се правосилни или неправосилни.

Примената на новото законско решение во периодот од 2019 година до денес, односно до донесувањето на одлуката на Врховниот суд во 2022 година (кога за предметите од јавен интерес се овозможи начин за објавување на неправосилните одлуки), покажа недоследности на вака предвиденото законско решение. Потребата од почитување на уставната одредба и транспарентно работење на судовите е неопходно да се разгледа од повеќе аспекти:

Пресудите се изрекуваат во име на граѓаните, уставните одредби и законските прописи уредуваат дека судењето и одлуките се јавни, а јавноста може да биде исклучена само во случаи утврдени со закон.

Кога правосилните судски одлуки се објавуваат, работата на првостепениот суд станува „невидлива“ за јавноста, за што има реакции кај стручната и општата јавност. Оцената на работата на судовите во крајна линија е испорачување на квалитетни услуги кон граѓаните, а од правосилните судски одлуки не може да се увиди постапувањето на судот и судиите во пониските судови, кои извршуваат јавна функција – независна судиска функција. Начелата за фер и независно судење налагаат транспарентно судење.

Аргументот за објавување на правосилни судски одлуки заради доследна примена на начелото на презумпција на невиност се побива со аргументот од постојните законски одредби кои овозможуваат анонимизација на одлуките, дури и кога се работи за одлуки со исклучена јавност.

Современите правни системи го промовираат аспектот за отворено и транспарентно судство со што се зголемува довербата кај граѓаните. Врховниот суд на Република Северна Македонија е видлив во својата заложба за отворено судство што е тренд во

светски рамки. Од овие причини, со последните измени на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија од 26 септември 2024 година се обезбедува јавност на Општата седница на Врховниот суд.

Довербата на граѓаните во судскиот систем од само 2% бара посветеност и активност на целото судство за презентирање и транспарентност во работата на судовите и враќање на довербата.

Дополнително, во Развојната секторска стратегија за правосудство со Акциски план 2024-2028 година, посебната цел 1.5 Зголемување на транспарентноста на работењето на судовите во мерката 1.5.1 предвидува редовно објавување на првостепените се уште неправосилни судски пресуди на веб-страницата на судот, како и доследно објавување на сите пресуди кои согласно закон треба да бидат јавно достапни. Активноста 1.5.1.-1 превидува измена на Законот за управување со движење на предметите во судовите, во период од прв квартал 2024 до прв квартал 2025 година. Показателот на резултат е донесени законски измени со кои се предвидува објавување и на неправосилните одлуки.

Од наведените причини, се дава позитивно мислење за поднесената уставна Иницијатива со предлог времена мерка.

Истовремено, при разгледувањето на предметната уставна Иницијатива, Уставниот суд на Република Северна Македонија, по службена должност, заради овозможување на конзистентност во правниот систем да има предвид дел од одредбата на член 9 во Законот за управување со движење на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20), која го уредува начинот на објавување на правосилните судски одлуки.

Доколку Уставниот суд одлучи да го укине оспорениот дел согласно поднесената уставна Иницијатива во Законот за судовите, соодветно е потребно да се укине и дел од одредбата во членот 9 од Законот за управување со движење на предметите во судовите.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорената одредба во член 99 став (5) во делот „правосилни“ од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“, бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), не се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја прифати Иницијативата за оценување на уставноста и да се укине член 99 став (5) во делот „правосилни“ од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“, бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), односно да донесе решение за поведување постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 53

1. Владата за директор на Културно – информативниот центар на Република Северна Македонија во Тирана, Република Албанија, на предлог на министерот за култура и туризам ја именува Емилија Потевска-Попивода.

2.Владата го отповика Ардиан Исени од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост.

2.1 Владата го избра Менсур Красниќи за независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост.

3.Владата ја избра Ханифе Асани за член на Надзорниот одбор на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје.

4.Владата го разреши Ибрахим Дехари од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија.

4.1 Владата го именува Емир Хусејн за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија.

5.Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ – Битола, ги разреши:

-Стевче Павловски,
-Велјан Тасевски, поради истек на мандатот и
-Александар Дракуловски, поради истек на мандатот.

5.1 Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ – Битола, ги именува:

-Николина Атанасовска,
-Александра Гичевска и
-Бојан Дишковски

6.Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ во Штип, ги разреши:

-Менка Мишовска,
-Анета Манева и
-Дејан Колев.

6.1 Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ во Штип, ги именува:

-Стојанче Стојанов,
-Деспина Паунова и
-Филип Илиов.

7. Владата не расправаше по предлогот Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за вршител на должноста заменик на директорот да го избере – Филип Василески.

<u>Точка 54</u>

**1.** Владата по повод настанот „Одбележување на Денот на албанската азбука – 22 Ноември“ ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја преземе обврската за реализација на активностите за одржување на настанот „Одбележување на Денот на албанската азбука – 22 Ноември“, во максимален износ од 1.000.000,00 денари (со вклучен ДДВ).

2) Се определува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, да биде координатор на настанот „Одбележување на Денот на албанската азбука – 22 Ноември“.

3) Се задолжува Министерството за финансии, средствата одобрени за реализација на настанот во износ од 1.000.000,00 денари (со вклучен ДДВ), дополнително да ги прераспредели од буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците, од Потпрограмата 15 „за одбележување на албанската азбука“, во буџетот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со одлука за прераспределба на средства во Буџетот за 2024 година.

**2.** Владата, по повод одржувањето на настанот Саем за вино–винска визија, што ќе се одржи на 22 ноември 2024 година во Белград, Република Србија, ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди и да ги покрие трошоците за превоз и сместување на музичарите и новинарите кои ќе присуствуваат на настанот.

**3.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за измена на Заклучокот бр.10 по точка 37 од Нацрт – записникот од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 ноември 2024 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на свој трошок преку договорен субјект да го организира копнениот дипломатски транспорт за Осака Експо 2025, Јапонија, со вклучен збирен магацин во Скопје, пакување на пратката на палети, камион за основен транспорт на пратката на релација Скопје-Прво пристаниште, утовар на палетите во камион, претовар од камион во бродски контејнер на Прво пристаниште, како и претовар на палети од бродски контејнер во камион при враќање на дел од пратка од Осака на Последно пристаниште, камион за основен транспорт на таквата пратка на релација Последно пристаниште-Скопје со растовар на место(а) кое ќе го определи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија или друг надлежен орган, вклучително извозни царински формалности за пратката при излез од Република Северна Македонија, увозни царински формалности во Република Северна Македонија при праќање на дел од пратка и локално преземање со камионски транспорт на пратката од пристаниште во Јапонија до магацин саемот на ЕКСПО во Јапонија и обратно при враќање на дел од пратката, со утовари, растовари и локални шпедитерски увозно-извозни царински формалности во Јапонија.“

**4.** Владата, по предлогот на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со потребата од обезбедување на квалификуван сертификат за дигитално потпишување на мислења, извештаи, извадоци и акти на порталот e-Vlada заклучи, претседателот и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, како и претседателите и замениците на претседателите на основните комисии на Владата на Република Северна Македонија, да започнат постапка за обезбедување на квалификуван сертификат за квалификуван е-потпис.

**5**. Владата по повод Барањето на д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, за изменување на заклучок од 207-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 12 декември 2023 година, го задолжи предлагачот да изготви и до Владата да достави Информација за потребата од ревидирање на Акцискиот план за паметна специјализација за 2024-2025 година.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија” (1.6.2023 – 31.3.2024 година), како материјал за информирање.

Истовремено да се има предвид укажувањето од Министерството за финансии за потребата предлагачот да достави нова информација со ажурирани податоци во кои ќе биде опфатен периодот по 1 април 2024 година.

Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за Полугодишен извештај за реализација на годишните планови за вработување за 2024 година, за периодот јануари – јуни 2024 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по правична застапеност на припадниците на заедниците, како материјал за информирање.

Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година, како материјал за информирање.

Точка 58

Владата го разгледа Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Министерството за социјална политика, демографија и млади (за периодот октомври 2023 година-јули 2024 година), како материјал за информирање.

Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за меѓуинституционалната координација, соработка и преземените чекори во однос на регулацијата на пристапот до користење на услуги и апликации преку јавни електронски комуникациски мрежи, а во случај на нелегално приредување игри на среќа, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за дигитална трансформација да подготви допис до Агенцијата за електронски комуникации за активни сајтови за приредување на игри на среќа на нелегални интернет-платформи, со цел истите да бидат блокирани, а на наредната седница да ја информира Владата.

Точка 61

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за имлементација на мерките и препораките за фискална консолидација, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Предлог – програмата за изменување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за заклучоците и препораките од четвртиот состанок на ИПА III Секторскиот комитет за следење за транспорт, животна средина и климатска акција одржан на 9 октомври 2024 година, ја усвои и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ – Скопје и Јавното претпријатие за државни патишта, во целост да ги спроведат вработувањата на потребниот кадар, согласно анализата на обем на работа за 2024 година и тоа до крај на 2024 година за раководни работни места и до крај на март 2025 година за останатите работни места, согласно планираните средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за нови вработувања во овие институции, согласно одобрените годишни планови за вработување, базирани на претходно направена анализа за недостатокот на кадар во институциите и почитување на принципот на стриктна контрола на новите вработувања.

2. Се задолжуваат Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје и Јавното претпријатие за државни патишта, да не вршат преземање и распоредување на новвработените лица во други организациони единици надвор од ИПА структура.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, во соработка со Министерството за јавна администрација и Министерството за финансии, да и предложи на Владата политика за задржување на кадарот усогласена со новиот Закон за административни службеници, најдоцна до крај на март 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за европски прашања да ја започне постапката за измена на Финансиската спогодба за транспорт и животна средина и климатска акција до Делегацијата на Европска Унија (ЕУ) со податоци за планираните договори, договорите кои се во тек, средствата доделени од ИПА и средствата доделени од националниот буџет, најдоцна до средина на декември 2024 година.

5. Се задолжуваат Министерството за транспорт и Министерството за животна средина и просторно планирање, во консултација со Министерството за финансии, да ги достават навремено информациите до Министерството за европски прашања за измена на финансиската спогодба за транспорт и животна средина и климатска акција.

6. Се задолжува Министерството за финансии, на предлог на Министерството за транспорт и Министерството за животна средина и просторно планирање да ги поднесува предлозите за номинации за членови на комисии за евалуација до Делегацијата на Европска Унија, во рок не подоцна од седум дена пред истек на рокот за поднесување на барање за учество во тендер (прва фаза) и рокот за поднесување на тендерски понуди (втора фаза).

7. Се задолжува Министерството за финансии да ги поднесува извештаите за спроведена евалуација на кратка листа (прва фаза), не подоцна од четириесет работни дена по истек на рокот за поднесување на барање за учество на тендер.

8. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт да ги достават до Министерството за европски прашања обрасците за идентификација на операција (Operation Identification Sheet) за спроведување на привремена евалуација за транспорт и животна средина, најдоцна до крајот на 2024 година.

9. Се задолжува Министерството за европски прашања да ги достави добиените обрасци за идентификација на операција од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт до Делегацијата на Европска Унија, најдоцна до крајот на 2024 година.

10. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт да ги достават до Министерството за финансии потребната тендерска документација/информации за набавка на привремената евалуација, најдоцна до април 2025 година.

11. Се задолжува Министерството за транспорт да достави официјално известување до Делегацијата на Европска Унија за главниот проект – третата делница од железницата кон Бугарија (Коридор VIII) и нивните планови за негово спроведување, најдоцна до средина на декември 2024 година.

12. Се задолжува Министерството за финансии да го потпише Адендум 6 за договорот за услуги за надзор за изградба на патот Градско-Дреново, до крајот на ноември 2024 година.

13. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди градежните работи на патот Градско-Дреново да се завршат до крај на декември 2024 година.

14. Се задолжува раководителот на оперативната структура - Сектор за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии, во соработка со другите институтиции да преземе мерки за обезбедување на сите неопходни документи за градежните работи за затворање на депониите во рамките на ИПА II проектот за затворање на нестандардни депонии и ѓубришта во Источен Регион, до крај на јуни 2025 година.

15. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбедат ефективна соработка помеѓу институциите и поголема вклученост на локалната самоуправа во портфолиото за управување со отпад.

16. Се задолжува раководителот на оперативната структура - Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии, да достави извештај до Делегацијата на Европска Унија за преземените чекори за зголемување на соработката меѓу институциите и на вклученоста на локалната самоуправа, до средина на декември 2024 година.

17. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да вработи две лица со соодветни квалификации во Одделението за политики во климатските промени, во Секторот за одржлив развој и инвестиции, најдоцна до 31 декември 2024.

18. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да и достави информации на Делегацијата на Европска Унија за бројот на вработени неопходни за соодветно функционирање на Одделението за политики во климатските промени, во Секторот за одржлив развој и инвестиции, како и за плановите со рокови за нивно вработување, најдоцна до средина на декември 2024 година.

19. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави план за финализирање на градежните работи на колекторот за Скопје, со рокови за секоја фаза од процесот, најдоцна до крај на ноември 2024 година.

20. Се задолжуваат Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, а им се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ – Скопје и Јавното претпријатие за јавни патишта, континуирано да обезбедуваат навремено и целосно спроведување на препораките на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

21. Се задолжува Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош да обезбеди доволен буџет за обуки за секоја календарска година, како и за ревизорски посети на лице место за декларираните средства.

22. Се задолжува Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош да ја извести Делегацијата на Европска Унија, дали планираните ревизорски посети на лице место се остварени, секоја година во февруари.

**<u>Точка 65</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување финансиски средства за спроведување на проекти од ИПА II повеќегодишните програми за транспорт и животна средина и климатски акции и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија за наредните години да ги предвиди средствата за национално кофинансирање (лот 1 и 2 и надзор), во износ од 27.709.939,05 евра, согласно динамиката на реализација на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и канализациона мрежа во Општина Тетово“.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија за наредните години да ги предвиди средствата за национално кофинансирање (лот 1 и 2 и надзор), во износ од 25.172.022,24 евра, согласно динамиката на реализација на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и канализациона мрежа во Општина Битола“.

3. Се задолжува Министерството за финансии во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија за наредните години да ги предвиди средствата за национално кофинансирање (лот 1 и 2 и надзор), во износ од 23.387.161,09 евра, согласно динамиката на реализација на проектот „Изградба на регионален центар за управување со отпад, централна постојка Свети Николе и шесте трансфер станици“ (2 лота и надзор).

4. Се задолжува Министерството за финансии, доколку успешно завршат сите тековни тендерски постапки од програмата за животна средина, а се изгубат алокациите од 2019 и 2020 година, дополнително да обезбеди национално кофинансирање во максимален износ од 31.780.697 евра.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го информира Министерството за финансии за проектите кои ќе се иземат од Програмата, со оглед дека нема расположливи ИПА средства, најдоцна до крајот на ноември 2024 година, со цел откажување на започнатите тендерски постапки.

6. Се задолжува Министерството за транспорт да ги изземе од ИПА 2 Повеќегодишната програма за транспорт и животна средина 2014-2020, проектот: „Подготовка на одржлив урбан план за мобилност (СУМП) за Скопје, вклучително и Акционен план за имплементација и давање насоки за одржливо урбанистичко планирање и дизајнирање на патна инфраструктура и транспортни услуги“ и проектот: „Изработка на план за имплементација на Националната стратегија за транспорт 2018-2030 со систем, алатки и капацитет за негово следење“.

7. Се задолжува Министерството за транспорт да го информира Министерството за финансии за проектите кои ќе се изземат од Програмата, со оглед дека нема расположливи ИПА средства, најдоцна до крајот на ноември 2024 година, со цел откажување на започнатите тендерски постапки.

8. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт да достават ревидиран План за набавка до Министерството за финансии, во кој ќе се прикажани проектите кои што остануваат да се реализираат во рамки на Програмата, со ревидирани вредности на договорите согласно преостанатите расположливи ИПА средства и потребните средства од национално кофинансирање, врз основа на усвоените заклучоци на Владата, најдоцна до крајот на ноември 2024 година.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за Меморандум за соработка за процесот на европска интеграција и пристапување помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка за процесот на европска интеграција и пристапување помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија.

2. Го определи м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања во име на Владата Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за соработка за процесот на европска интеграција и пристапување помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 13 декември 2024 година, преку видео врска, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Надица Џерковска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа, за копретседавач на Поткомитетот за земјоделство и рибарство.

2. Се задолжува копретседавачот на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, во соработка со Министерството за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да ја достави до Европската комисија преку Министерството за европски прашања, најдоцна до 6 декември 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија, најдоцна до 22 ноември 2024 година.

<u>Точка 68</u>

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог - модел за формирање на структура за спроведување на Инструментот за реформи и раст, со усогласен текст на Договор и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја усвои Информацијата за Предлог - моделот за формирање на структура за спроведување на Инструментот за реформи и раст, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

2. Го прифати Предлог - моделот за формирање на структура за спроведување на Инструментот за реформи и раст.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања да подготви и до Владата, да достави акт за формирање на структурата за спроведување и за уредување на односите меѓу институциите надлежни за спроведување на Инструментот за реформи и раст, најдоцна до 10 декември 2024 година.

4. Се назначува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања за национален координатор за Инструментот за реформи и раст.

5. Се задолжува Министерството за европски прашања, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за јавна администрација, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и Државниот завод за ревизија да ги преземе сите неопходни чекори за операционализација на структурата што вклучува подготовка на сите процедури, упатства, насоки и други документи за мониторинг, известување и евалуација, како и јавна внатрешна финансиска контрола и ревизија, за спроведување на Инструментот за реформи и раст, најдоцна до ратификацијата на Договорот за Инструментот за реформи и раст од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

6. Го прифати усогласениот текст на Договорот за инструментот за реформи и раст, со заклучок текстот на истиот да се усогласи со Министерството за финансии.

7. Се определува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за Инструментот за реформи и раст.

8. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за економија и труд, Институтот за акредитација и Министерството за европски прашања, да формира работна група најдоцна до 29 ноември 2024 година, која ќе направи анализа на обврските во врска со воспоставувањето на систем за следење, известување и верификација и акредитација (MRVA) на стакленички гасови во Република Северна Македонија, согласно обврските кои произлегуваат од реформата 2.1.4. Усвојување на платформата за тргување со стакленички гасови (Emissions Trading Scheme (ETS) Adoption) од Реформската агенда, од ЕУ Регулативата 2023/956 за механизмот за гранично јаглеродно прилагодување (CBAM), како и од Предлогот на закон за климатска акција, кој е во изработка.

**Точка 69**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабрију, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Вера Ристовска, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Истовремено, Владата заклучи:

- се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади потребните средства за спроведување на Предлогот на закон да ги обезбеди во рамки на буџетот на министерството.

- се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади по донесувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото влегување во сила, квартално да ја известува Владата за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца за работа во детска градинка.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација и локална самоуправа на Република Србија, во областа на реформа на јавната администрација, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата (усогласена со Секретаријатот за законодавство), со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација и локална самоуправа на Република Србија во областа на реформа на јавната администрација.

2. Се овластува Горан Минчев, министер за јавна администрација, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација и локална самоуправа на Република Србија во областа на реформа на јавната администрација.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на мерки за намалување на емисиите на загадувачките супстанци при алармантно загадување на воздухот, со Предлог – наредба и ја усвои Информацијата со следните заклучици:

1. Ја донесе Наредбата за воведување на мерки за намалување на емисиите на загадувачки супстанции при алармантно загадување на воздухот, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат сите институции наведени во Наредбата, до Министерството за животна средина и просторно планирање, да доставaт извештај за спроведени активности, во рок од седум дена по завршување на епизодата со алармантно загадување.

*

* *

Наредбата не е реализирана поради неисполнети услови за прогласување на алармантна состојба.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата со краткорочни мерки за чист воздух, со Акциски план и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух.

2. Се задолжуваат надлежните институции од Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух еднаш неделно да доставуваат извештај за спроведените активности до Министерството за животна средина и просторно планирање, како координатор на активноста за чист воздух.

## Точка 73

Владата ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за финансирање на Проект за реализирање на ДУП за дел од контакт-зона „Мавровка“ на споменичка целина „Стара скопска чаршија“ со намена на градба на Комунална супраструктура (подземен паркинг) поради потребата Министерството за финансии до 22 ноември 2024 година (петок) да иницира и одржи состанок со Министерството за транспорт и Општина Чаир за да подготват соодветен предлог по однос на законскиот основ за одобрување на средствата за реализирање на овој проект и истиот да го достават на наредната седница на Владата.

## Точка 74

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 30 октомври 2024 година до 5 ноември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 75

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 23 октомври 2024 година до 29 октомври 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 76

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 30 октомври 2024 година до 5 ноември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 77

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 февруари 2024 година до 30 септември 2024 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 78

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 23 октомври 2024 година до 29 октомври 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 79

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS - CoV-2 и спречување од неговото ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението за период од 1 април 2021 година до 30 септември 2024 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 80

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесеттата одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и седмата одлука) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:00 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**